**Р Е Ф Е Р А Т**

**за избор во звање виш лектор во областа на Англиски јазик на Приватната високообразовна установа – Висока стручна школа ФАКУЛТЕТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА – СКОПЈЕ**

02 – 378/1
13.07.2017 год.
СКОПЈЕ

Со Одлука бр. 02-278/1 донесена на седница на Наставнички совет на Високата стручна школа „Факултет за бизнис економија" во Скопје, одржана на 26.05.2017, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор/реизбор во сите лекторски звања, во областа на англиски јазик.

Конкурсот беше објавен во дневниот весник Нова Македонија на 21.04.2017 год. и во предвидениот рок се пријави само кандидатката д-р Катерина Видова.

Врз основа на приложената документација и нашето познавање на кандидатката чест ни е на Наставничкиот совет на Високата стручна школа „Факултет за бизнис економија" во Скопје да му го поднесеме следниот извештај.

**И З В Е Ш Т А Ј**

**<u>Биографски податоци</u>**

Кандидатката д-р Катерина Видова е родена на 04.05.1976 година во Скопје, Република Македонија. Три години од средно образование завршила во УСО Гимназија ''Јосип Броз'' - Скопје. Четврта година од средното образование 1993/94 ја завршила во Средното училиште во Мидлекск, Њу Џерси, САД. Во академската 1994/95 година се запишала на Филолошкиот факултет ''Блаже Конески'' при Универзитетот ''Св. Кирил и Методиј'' во Скопје, каде што дипломирала во февруари 1999 година и се стекнала со звањето дипломиран филолог по македонски јазик со англиски јазик и книжевност. По завршувањето на високото образование во јуни 1999 во Министерството за култура го положила испитот за лектор со што станала овластен лектор.

Во академската 1999/2000 година се запишала на последипломски студии на Катедрата за англиски јазик и книжевност на Филолошки факултет ''Блаже Конески'', при Универзитетот ''Св.Кирил и Методиј'' во Скопје, група англиски јазик. На 26.06.2007 година успешно го одбранила магистерскиот труд со наслов '' Категоријата определеност/неопределеност во македонскиот и англискиот јазик во насловите и поднасловите'', со што се здобила со звање магистер на филолошки науки.

Кандидатката во прилог на ангажманот како наставник по англиски јазик ги положила испитите за педагошко-психолошка и методска подготовка на Филозовскиот факултет во Скопје.

Во октомври 2011 година на Филолошки факултет ''Блаже Конески'' на катедрата за англиски јазик и книжевност пријавила изработка на докторска дисертација под наслов '' Изразување на функциите на сегашен партицип во англискиот и македонскиот јазик''. Докторска дисертација под наслов '' Изразување на функциите на сегашен партицип во англискиот и македонскиот јазик'' успешно ја одбранила на 28.12.2016 година и се здобила со звањето доктор по филолошки науки.

## Наставно-образовна и научно-истражувачка дејност

По завршувањето на додипломските студии до септември 1999 година, кандидатката Катерина Видова работела како професор по англиски јазик и македонски јазик за странци во две приватни училишта во Скопје „Smile“ училиште за англики јазик и во „Challenge“ Друштво за одржување на курсеви за странски јазици. Во овој период предавала англиски на сите нивоа: високо, средно и ниско и изведувала настава и со деца и со возрасни.

Во периодот од септември 2011 до јуни 2013 беше ангажирана како надворешен соработник во Центарот за странски јазици – Скопје, каде предавала англиски јазик на сите нивоа: основно, средно, напредно, вклучувајќи курсеви за деца и возрасни, интерактивна настава на општ англиски јазик, деловен англиски јазик и покрај ангжманот со часови по англискиот јазик била вклкучена во настава со македонски јазик за странци.

По завршувањето на последипломските студии во периодот 2008-2011 година Катерина Видова почнала да работи во високообразовната дејност, прво како надворешен соработник на Факултетот за земјоделски науки и храна, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје каде преку катедрата за англиски јазик и книжевност при Филолошкот факултет „Блаже Конески“ Скопје била ангажирана за спроведување на предавања, вежби и испити по предметите Англиски јазик 1 и Англиски јазик 2 во учебната 2008/2009, 2009/2010 и 2010/2011.

На 01.03.2009 кандидатката Катерина Видова е избрана во лекторско звање: лектор по англиски јазик на Факултетот за туризам при Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје. На Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје работела како лектор од март 2009 до август 2011. Таа предавала англиски јазик во областа на туризмот и предавала Англиски јазик 1 и Англиски јазик 2 на Факултетот за туризам. Истовремено предавала деловен англиски, односно ги предавала предметите Англиски јазик 1 и Англиски јазик 2 на Економскиот факултет, Факултетот за меѓународен маркетинг менаџмент, Факулетот за односи со јавноста, Факулетот за претприемачки бизнис и Факулетот за менаџмент со човечки ресурси во рамките на УТМС.

Во учебната 2012/2013 била ангажирана како демонстратор по предметот Професионални вештини на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство при Универзитет „Кирил и Методиј“ Скопје каде што во рамките на предметот Професионални вештни предавала вештини за пишување на формални писма, биографии (CV), извештаи и есеи.

Во септември 2013 кандидатката е избрана за предавач по предметот англиски јазик на приватаната високообразовна установа – Висока стручна школа Факултетот за Бизнис економија – Скопје каде што е ангажирана за држење настава (предавања и вежби) и спроведуивање на испитите по предметите Англиски јазик 1 и Англиски јазик 2 во периодот од учебната 2013/2014 сè до денес.

Кандидатот има напишано и објавено следните текстови:

1. Превод од македонски на англиски јазик на вовед на учебник „Туризам принципи и практика“ од проф. д-р Михајло Будиноски, Универзитет за туризам и менаџмент, Скопје,

2009

2. Превод од македонски на англиски јазик на филмот „Зародиш“ на проф. д-р Соња Ризоска-Јовановска, Совет на град Скопје и Универзитет за туризам и менаџмент, Скопје, 2009
3. Превод од македонски на англиски јазик на брошура за Скопје, автор м-р Оливер Гекиќ, Туристички сојуз на Скопје, 2010
4. К.Видова (2011) „Наплив на англицизмите во македонскиот јазик“ текст за www.mnogo.mk
5. К. Видова (2011), „Анализа на јазичниот дискурс во туристичките водичи на англиски јазик за Македонија и Скопје“, Втор меѓународен научен конгрес “Влијанието на туризмот на економскиот развој” УТМС, април 2011
6. К.Видова (2011) „Јазикот во туристичкте водичи“ текст за www.mnogo.mk

Кандидатката има учествувано на неколку меѓународни конференции со насловите на следниве презентации:

1. **“Analyzing the tourism discourse in travel guides in English about Macedonia and Skopje”**, Втора годишна научна конференција „Влијанието на туризмот на економскиот развој “, одржана на Универзитет за туризам и менаџмент во Скопје, 27.04.2011- 29.04.2011.
2. **“The Use of the definite article in Macedonian and English in Titles and Subtitles”** меѓународна научна конференција „Језик, Литература, Дискурс“, одржана на Филозофскиот факутлет во Ниш, Србија. 25.04.2014 – 26.04.2014.
3. **“Possessive adjectives in English and their translation equivalents with the emphasis on the definite article and its meaning”**, меѓународна конференција „Језик, Литература, Значење “одржана на Филозофскиот факултет Ниш, Србија, 24.04.2015 – 25.04.2015.
4. **“Expressing the Markers of Definiteness in Titles and Subtitles in Macedonian and English”**, меѓународна конференција „Англиски јазик, британски и американски студии “, одржана на Меѓународниот Балкански Универзитет, Скопје, 29.05.2015.
5. **“Prenominal Attributive Use of the Present Participle in English and its Macedonian Translation Equivalents”** меѓународна научна конференција „Студии по англистика-интердисциплинарност во истражувањата и практиката “одржана на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, 11.03.2016 - 13.03.2016.

Објавувањето на трудовите е во тек.

## Стручно-апикативна и организациско-развојна дејност

Кандидатката Катерина Видова во периодот јануари 2015- јуни 2015 учествувала како предавач по англиски јазик во здружениот проект на училиштето за странски јазици „Лингвафан“, Британски совет, МАКС (Македонска асоцијација за квалитет во јазичната едукација) и Џонсон Мети во Македонија. Таа зема учество во подготовка, спроведување на настава и испит за познавање на англиски јазик за вработените од Џонсон Мети.

Кандидатката со долгогодишеното искуство во наставата по англиски јазик има учествувано на

повеќе семинари и обуки и се здобила со сертификати за учество на следните семинари и обуки:

1. Семинар за професионален развој **"Teaching English with a touch of S.P.I.C.E; Teaching digital natives; How do children learn and think"** – организиран од Express Publishing, 16.03.2013, Скопје;

2. Обука **„Писменост, вештини и стратегии во учењето"** организиран од NOVA и ELTAM (English Language Teacher's Association of Macedonia),23.01.2016, Скопје;

3. Семинар **" Motivate to educate (Мотивирајте да едуцирате)"** организиран од страна на Person Central Europe and St. George, 03.06.2016, Скопје;

4. Мини-конференција за **еТвининг**, организирана од Национална агенција за европски образовни програми и мобилност, 23.11.2016, Скопје;

5. Семинар за професионален развој на **" Enhancing teacher's and students' skills – latest practices about how children acquire language; techniques and strategies for boosting students' word power"** организиран од National Geographic Learning, A Cengage Company, 15.05.2017, Скопје

Доколку ги квантифицираме вредностите на д-р Катерина Видова, согласно одредбите на постојните позитивни прописи во доменот на високото образование и научно-истражувачката дејност, и актите на ФБЕ би можеле да ги определиме следните поени: 98,2 поени, за што во прилог на оваа рецензија има табеларен приказ.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Имајќи ги предвид претходно наведените податоци, рецензентската комисија заклучи дека кандидатката д-р Катерина Видова има потенцијал за научно-истражувачка работа, има повеќегодишно работно искуство во областа на високото образование, како и афинитети за наставно-образовни активности. Оттука можеме да оцениме дека д-р Катерина Видова ги задоволува не само законски предвидените критериуми, туку според покажаниот проактивен однос и резултати ги задоволува и интерните критериуми за да биде вклучена во наставно-образовните и научно-истражувачките активности што се реализираат на Приватната високообразовна установа – Висока стручна школа ФАКУЛТЕТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА – Скопје во областа на предметот Англиски јазик.

Затоа на Наставничкиот совет на ПВУ-ВСШ Факултет за бизнис економија – Скопје му предлагаме да ја избере д-р Катерина Видова во звањето виш лектор во областа на Англиски јазик.

РЕЦЕНЗИОНА КОМИСИЈА

1. Проф. д-р Марија Јанева-Михајловска, редовен професор Марија Јанева-Михајловска

2. Проф. д-р Јованка Лазаревска-Станчевска, редовен професор Ј. Лазаревска Станчевска

3. Проф. д-р Љиљана Калиниќ-Ордев, вонреден професор Љиљана Калиниќ Ордев

**Образец**

## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат: Катерина Максим Видова**
(име, татково име и презиме)

**Институција: Факултет за бизнис ekoнономија - Скопје**
(назив на факултетот/институтот)

**Научна област: 6.04 Наука за јазикот (лингвистика)**
**64004 Англистика**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | **Одржување на настава**<br>**студии = ч · нед. ·0.04** | |
| | Англиски јазик 1 (2+2), 2008/2009, 2009/2010, 2010/2011 Факултет за земјоделски науки и храна | 3,6 |
| | Англиски јазик 2 (2+2), 2008/2009, 2009/2010, 2010/2011 Факултет за земјоделски науки и храна | 3,6 |
| | Англиски јазик 1 (2+2), 2009/2010, 2010/2011 Универзитет за туризам и менаџмнет во Скопје | 2,4 |
| | Англиски јазик 2 (2+2), 2009/2010, 2010/2011 Универзитет за туризам и менаџмнет во Скопје | 2,4 |
| | Англиски јазик 3 (2+2) 2010/2011 Универзитет за туризам и менаџмнет во Скопје | 1,2 |
| | Професионални вештини (2+2) 2012/2013 Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство | 1,2 |
| | Англиски јазик 1 (2+2) 2013/2014, 2014/2015, 2015/2016 Факултет за бизнис економија-Скопје | 3,6 |
| | Англиски јазик 2 (2+2) 2013/2014, 2014/2015, 2015/2016 Факултет за бизнис економија-Скопје | 3,6 |
| 2 | **Одржување вежби**<br>**Студии=ч.нед.0,03** | |
| | Англиски јазик 1 (2+2), 2008/2009, 2009/2010, 2010/2011 Факултет за земјоделски науки и храна | 2,7 |
| | Англиски јазик 2 (2+2), 2008/2009, 2009/2010, 2010/2011 Факултет за земјоделски науки и храна | 2,7 |
| | Англиски јазик 1 (2+2), 2009/2010, 2010/2011 Универзитет за туризам и менаџмнет во Скопје | 1,8 |
| | Англиски јазик 2 (2+2), 2009/2010, 2010/2011 Универзитет за туризам и менаџмнет во Скопје | 1,8 |
| | Англиски јазик 3 (2+2) 2010/2011 Универзитет за туризам и менаџмнет во Скопје | 0,9 |

| | | |
|---|---|---|
| | Професионални вештини (2+2) 2012/2013 Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство | **0,9** |
| | Англиски јазик 1 (2+2) 2013/2014, 2014/2015, 2015/2016 Факултет за бизнис економија-Скопје | **2,7** |
| | Англиски јазик 2 (2+2) 2013/2014, 2014/2015, 2015/2016 Факултет за бизнис економија-Скопје | **2,7** |
| **3** | **Подготовка на нов предмет** | |
| | **Предавања** (8 предмети) | **8** |
| | **Вежби** (8 предмети) | **4** |
| **4** | **Консултации со студенти = број · 0,002** | |
| | 2009-2016 вкупно 1220 студенти. | **24,4** |
| | **Вкупно** | **74,2** |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| **1** | **Одбранета докторска теза** | **8** |
| **2** | **Одбранета магистерска работа** | **4** |
| **3** | **Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор = 3** | |
| | 1. **Katerina Vidova**, "Analyzing the tourism discourse in travel guides in English about Macedonia and Skopje", Втора годишна научна конференција, Влијанието на туризмот на економскиот развој, одржана на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје,27.04.2011-29.04.2011 | **3** |
| **4** | **Учество нанаучен собир –орална преЗентација**<br>**Апстракти објавени во зборник на конференција = број · 1** | |
| | 1. **Katerina Vidova,** "The use of the definite article in Macedonian and English in Titles and Subtitles", Меѓународна научна конференција Јазик, Литература, Дискурс, Филозофскиот факутлет, Ниш, Србија, 25.04.2014-26.04.2014 | **1** |
| | **2. Katerina Vidova,** "Possessive adjectives in English and their translation equivalents with the emphasis on the definite article and its meaning", Меѓународна научна конференција Јазик, Литература, Значење, Филозофски факултет, Ниш, Србија 24.04.2015-25.04.2015 | **1** |
| | 3. **Katerina Vidova,** "Expressing the Markers of Definiteness in Titles and Subtitles in Macedonian and English", Меѓународна конференција, Англиски јазик, британски и американски студии, Меѓуднароден Балкански Универзитет, Скопје, 29.05.2015 | **1** |
| | **4. Katerina Vidova,** "Prenominal Attributivee Use of the Present Participle in English and its Macedonian translation Equivalents", Меѓународна научна конфернеција, Студии по англистика-интердисциплинарност во истражувањата и практиката, Филолошки факултет Блаже Конески, Скопје, 11.03.2016-13.03.2016 | **1** |
| | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Вкупно | 19 |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. Број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Семинар за професионален развој **"Teaching English with A Touch of S.P.I.C.E. Teaching Digital natives; How the children learn and think"**, Express Publishing 16.03.2013, Skopje | 1 |
| 2 | Обука **„Писменост, вештини и стратегии во учењето, Nova ad ELTAM, (English language teachers' association of Macedonia)"**, 23.01.2016, Скопје | 1 |
| 3 | Семинар "Motivate to Educate (Мотивирајте да едуцирате)", Person Central Europe and St. George, 03.06.2016 | 1 |
| 4 | **Мини-конферненција за е-Твининг,** Национална агенција за европски образовни програми и моблиност, 23.11.2016, Скопаје | 1 |
| 5 | Семинар за професионален развој, **"Enhancing teachers 'and students 'skills-latest practices about how children acquire language, techniques and strategies for boosting students' word powe**r", National Geographic Learning, A Cengage Company, 15.05.2017, Скопје | 1 |
| | **Вкупно** | **5** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ: | 74,2 |
| НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ: | 19 |
| СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ | |
| СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ: | 5 |
| Вкупно | 98.2 |